# Помеѓу демократските принципи и верската слобода

Во XX век целите на милитантните исламистички организации главно беа верски објекти како цркви и синагоги. Денес, опсегот е проширен; покрај црквите и синагогите, редовно се напаѓаат џамии и други верски храмови, односно секаде каде што постои религија, па дури и муслиманска, но спротивна во толкувањето од милитантната исламистичка идеологија која сака сите останати да ги скрои по нејзина мера и воедно да ги „прочисти“.

Глобалниот милитантен исламизам објави војна и ги загрози најважните столбови на кои се темелат западните демократии: современоста, науката, рационализмот, толеранцијата, еднаквоста пред законот, слободата на изразување, достоинството на поединецот. Денес во Европа повеќето од нив се загрозени.

Бројот на жртвите во џихадистичкиот напад во џамијата Суфи во Египет (24.11.2017 година), ја надмина бројката 300. Во оваа бројка спаѓаат и 27-те убиени деца. Ова е еден од најсмртоносните терористички напади во светот по 11 Септември. Ова беше еден вид геноциден напад, кој имаше намера да се избрише една религија и заедница од лицето на земјата. Убиството на деца го открива најсуровото лице на војната која милитантните исламисти ја декларираат. Како пример ќе ги посочам следните случаи: палестински деца беа користени како човечки штит од страна на Хамас, израелски деца беа заклани во автобуси и автомобили, ирачки деца масакрирани од насмеани терористи, француски деца донесени како регрути во Рака, ирански деца испратени од ајатолахот Хомеини во ирански кампови, христијански деца егзекутирани од Талибанците во Пакистан, убиени деца во Барселона, Манчестер и Ница, деца од Беслан принудени да ја пијат сопствената урина пред да бидат убиени. Долга е листата на злосторствата и крвопролевањата предизвикани од милитантните исламистички организации.

Некои муслимански аналитичари дивјаштвото на милитантните екстремисти го споредуваат со она на нацистите: „единствена партија, милитаризација, пропаганда, фалсификување на историјата, ксенофобија, афирмација на заговор против Израел и САД........“ Насер Кадер, муслимански дисидент кој е член на  Данскиот парламент, вели дека „милитантните исламисти се нацисти на исламот". Масакрот во Суфиската џамија во Египет потсетува на најлошиот нацистички масакр извршен на 10 јуни 1944 година во Орадур сур Глан, Франција, каде што германските трупи убија 642 лица. Жените и децата биле однесени во црква, која потоа била запалена. Физичкото насилство бил начинот преку кој нацистите сакале да го „исчистат“ поголемиот дел на Европа од Евреите - со масовно стрелање, тероризирање, гасни комори и притисок за протерување. Истата стратегија, за христијаните и другите малцински религии, ја спроведуваат милитантните исламисти во арапскиот свет. Со овој акт на терориризам во кој настрадаа преку 300 луѓе, тие сакаат да ги заплашат христијаните и суфиите и да ги избришат од Синај. Континуираните егзекуции и напади ги принудија малцинските религии, а посебно Евреите речиси во целост да ја напуштат Северна Африка и Блискиот Исток. Во Јемен, Египет, Сирија, Ирак се извршија масовни погроми против еврејските заедници и речиси еден милион Евреи побегнаа од овие места. Денес пред нашите очи милитантната исламистичка идеологија, преку масовни убиства гради нов религиозно супериорен свет. Се чини дека нејзините приврзаници сакаат да ги променат сваќањата на сите луѓе на планетава, во име на смртоносната тоталитарна идеологија, а врз основа на специфично толкување на исламот.

Нацистите водеа војна за истребување на Евреите, Словените, Романците, Јеховините сведоци, левичарите, католичкото свештенство, масоните, хомосексуалците...... Милитантните исламистички организации објавија војна против Евреите, Христијаните, Атеистите, Јазидите, малцинствата како Алавитите, Курдите, Бахаите, Суфиите и Друзите, па дури и голем дел од „нивните“ муслимани беа обележани како „отпадници“. Неодамна во Ирак беше пронајдена нова масовна гробница, во која биле убиени деца од Ирачкото малцинство - Јазиди. На 17.12.2017 година беше нападната христијанска црква во пакистанскиот град Кета, при што беа убиени 8, а ранети преку 50 лица. Христијанското население сочинуваат најмалку 2 % од 198 милионската популација во Пакистан. Во октомври 2017 година, во престолнината на Сомалија – Могадишу, преку 500 луѓе беа убиени во терористички напад извршен со камион бомба. Речиси е невозможно да се направи детален извештај за масакрите на џихадистите кои постојано се случуваат во светот.

Во Европа, многу христијански цркви и еврејските синагоги, доколку не би биле заштитени од полицијата, би ги снашла истата судбина. Во Европа милитантниот исламизам предизвика најголема емиграција на Евреите од времето на Холокаустот – околу 40.000 Евреи ја напуштија Франција само во последната деценија. Денес Европа треба длабоко да размисли за стотиците илјади легални и нелегални мигранти чија култура е речиси спротивна на демократските западни вредности. Нивото на прогон против христијаните денес е највисоко во однос на било кој период од историјата. Како пример, доколку се продолжи со истото темпо, се предвидува дека христијанството во Ирак до 2020 година ќе биде уништено. Милитантните исламисти се во директен судир со останатите цивилизации на Блискиот Исток. Дали следна во низата е Европа?

Мигрантите претставуваат солидна база за реисламизација на муслиманската популација, нејзина радикализација и регрутација на европско тло за потребите на џихадистичките фронтови ширум светот. Постојат два методи за остварување на глобалната исламистичката супремација. Еден од начините е преку милитантниот џихад, со кој секојдневно се соочуваме преку насилствата кои се случуваат во светот. Друг метод е преку Ал Хиџра (al-hijra), или исламистичката доктрина на имиграцијата. Тоа е многу помирен, долгорочен метод, но делувајќи под маската на „хуманитарноста“ е многу ефикасен.

Според новите проекции на американскиот истражувачкиот центар Пју, муслиманското население во Европа во периодот до 2050 година треба да се зголеми двојно, а можеби и тројно. Проекциите, содржани во извештајот „Растот на муслиманско население во Европа“, го потврдуваат општо познатиот факт: континуираното опаѓање на наталитетот во европските држави, проследено со масовната миграција од муслиманскиот свет, брзо ќе доведе до исламизација на Европа. Извештајот на истражувачкиот центар нуди три проекции врз основа на три различни сценарија кои вклучуваат миграција во текот на следните три децении. Основна точка за сите три сценарија е муслиманското население во Европа дефинирано во 28 земји во Европската унија, плус Норвешка и Швајцарија. Се проценува дека во 2016 година бројноста на муслиманите е 25,8 милиони (4,9% од вкупното население во Европа). Во 2010 година бројноста била 19,5 милиони (3,8% од вкупното население во Европа).

Според првото сценарио се предвидува целосно прекинување на миграцијата од сега па се до 2050 година. Ова сценарио нема да се случи, но е моделирано за да се утврди како

може да изгледа иднината со миграцијата отстранета како параметар. Според ова сценарио, муслиманското население во Европа се очекува да се зголеми за околу 10 милиони луѓе, од околу 25,8 милиони во 2016 година на 35,8 милиони во 2050 година. Муслиманското население ќе се зголеми не само поради порастот во апсолутни бројки, туку затоа што бројот на немуслиманското население во Европа се очекува да се намали за околу 10%.

Според втората варијанта, која е најверојатна, претпоставка е дека од втората половина на 2016 година бегалскиот бран од Блискиот Исток полека ќе се намалува, но „редовната“ миграција во Европа ќе продолжи. Под овие услови, бројот на муслиманите во Европа би можел да достигне 57,9 милиони или 11,2% од европското население во 2050 година.

Третото сценарио, се темели на високиот проток на бегалци во периодот од 2014 година до 2016 година, за да продолжи на неодредено време во иднината со истиот верски состав. Во тој случај бројот на муслимани би можел да достигне 75,6 милиони, или 14 отсто од вкупното население во Европа до 2050 година – што претставува скоро тројно зголемување од моменталната состојба. Според ова сценарио муслиманското население во Шведска - порано хомогена христијанска земја - до 2050 година ќе достигне скоро една третина (30,6%) од вкупното население, Австралија (19,9%), Германија (19,7%), Белгија (18,2%), Франција (18%), Норвешка (17%), Британија (16,7%), Данска (16%), Холандија (15.2%), Финска (15%) и Италија (14.1%).

Или со други зборови во Германија, доколку продолжи протокот на бегалци муслиманското население ќе се зголеми од моменталните 4.950.000 (6%) на 17.490.000 (околу 20%) до 2050 година, во споредба со 11% според второто сценарио и 9% без понатамошна миграција според првото сценарио. Во Франција, муслиманското население ќе се зголеми од денешните 5.720.000 (8.8%) на 13.210.000 (18%) до 2050 година според третото сценарио, 17.4% според второто сценарио и 12.7% без понатамошна миграција. Во Велика Британија, муслиманското население ќе се зголеми од денешните 4.130.000 (6.3%) на 13.480.000 (17.2%) според третото сценарио, 6.7% според второто сценарио и 9.7% без понатамошна миграција. Во Белгија, муслиманското население ќе се зголеми од денешните 870.000 (7.6%) на 2.580.000 (18.2%) според третото најкритично сценарио, 15.1% според второто сценарио и 11.1% без понатамошна миграција.

Меѓутоа, никој со сигурност не може да тврди колкава ќе биде бројноста на населението во Европа во 2050 година од причина што дефинитивно проценките за бројноста на населението зависат од тоа кој или која владина или невладина институција го истражува проблемот и ги прави пресметките. На пример, во Шпанија, според истражувачкиот центар Пју, се проценува дека муслиманско население е со бројност од 1.180.000 или 2,6% од вкупното население. Меѓутоа, Унијата на исламски заедници во Шпанија (Unión de Comunidades Islámicas de España, UCIDE) проценува дека муслиманското население на Шпанија на крајот од 2016 година изнесувало 1.919.141 или 4,1% од вкупното население.

Разузнавачките служби вклучуваат неколку сценарија како завршница на оваа состојба во која вклучуваат дури и граѓански немири и конфликти. Меѓутоа тоа е она што милитантните организации го посакуваат: муслиманското население во Европа да покаже солидарност со револуционерното малцинство. Меѓутоа, насилството не е единственото средство за трансформација на Европа, па дури може да биде контрапродуктивно бидејќи можат да ги разбудат нациите кои ќе почувствуваат дека се загрозени. Мекиот начин и дискретните

средства, како на пример социјалниот притисок и пропаганда, се уште поопасни, а можеби и дури поефикасни. Тие потешко се забележуваат, а се присутни: примерот за прифаќање на двојно судство и двоен правен систем како што се популарните Шеријатски судови во Велика Британија. Односно, со помош на Европските закони идеологијата на „умерените“ поддржувачи на милитантните исламисти го освојува Западот, а со помош на нивните шеријатски правила и закони го конвертира.

Според извештајот на германската влада, во земјите околу Медитеранот повеќе од 6 милиони мигранти чекаат да преминат во Европа. Повеќе од 3 милиони се спречени да влезат од Турција, поради договорот на ЕУ со турскиот претседател Ердоган. Порастот на населението во Африка, климатските промени, проширувањето на пустините, војните, недостатокот на храна во Сомалија и Судан не смеат да се потценат. Доколку степенот на миграциската криза не се сфати сериозно и не се преземат итни мерки, во следните десетина години милиони жители на Африка ќе ја преплават Европа.

Мигрантската криза за ЕУ претставува настан како оној од 11 септември 2001 година за САД. На тој ден за еден миг се се промени, а САД ја открија својата ранлива точка. Продорот на мигрантите ќе го имаат истиот ефект за Европа. Историјата ни докажува дека ниту економската или воената моќ не успеваат да го спречат исчезнувањето на цивилизациите. ЕУ се наоѓа на крстосница, каде што мора да одлучи како најдобро ќе се справи со новиот глобален поредок, глобалната миграција и тероризмот. Големиот бран на неконтролирана миграција од Блискиот Исток и Северна Африка до одредена мера предизвика прекинување на политичката соработка на одредени членки на ЕУ и големо отстапување во јавното мислење. Според некои лидери на земји членки на ЕУ основите на европската цивилизација се нападнати од транснационални криминални милитантни сили од Блискиот Исток, кои за прв пат по Студената војна претставуваат растечка закана по геополитичката стабилност на Европа. Излезот треба да се бара „од подножјето кон врвот“, притоа со меѓусебна соработка и разбирање да се пополни јазот помеѓу разузнавачките служби, владите и јавноста, заеднички градејќи нова европска мировна регионална политика.

Др. Ненад Танески